Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 ноември 2021 година, донесе

12. 11. 2021
03 1213/7

# О Д Л У К А
## за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари-ТВ, радиоприемници, телефонски централи, компјутерска опрема и опрема за снимање, кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не можат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката бр. 02-1197/6 од 18.10.2021 година донесена од Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.40-10823/1**
**9 ноември 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**